РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 1137
27.10.2022 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.05/2002“), член 47 став 1 од Законот за процена („Сл.весник на РМ бр.115/10, 158/11, 185/11 и 54/2012“) и согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Сл.Весник на РМ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр. 8/2010,12/2014 и 4/2019“), Советот на општина Виница на 13-та седница одржана на ден 27.10.2022 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за град Виница и за селата во општина Виница

Член 1

Со оваа Одлука се формираат зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот и за утврдување вредност на градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште за град Виница и селата во Општина Виница.

За утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, а во зависност од погодностите што недвижноста ги дава, особено во поглед на местоположбата, сообраќајната поврзаност, снабденоста со комунални објекти и инсталации се формираат 5 (пет) зони.

Зоните од став 1 на овој член ги имаат следните граници:

Индустриска зона

Во индустриска зона спаѓаат објектите и земјиштето и тоа:
Лево и десно од патот Виница-Јакимово
Јужно од м.в.Дива Топола до Нова населба Градец покрај патот

Северно од ЈП ,,Национални шуми,, , лево и десно од патот Кочани - Виница до опфатот на ГУП

Цената на земјиштето во индустриската зона се движи

-недвижноста опфатена во ДУП а се наога веднаш до патот од 25-30 евра по м2 во зависност од близината на градот

-недвижноста опфатена во ГУП а е оддалечена од патот од 5-8 евра по м2 во зависност од близината на градот и близината на патот

-недвижноста опфатена во ГУП од градот до нова населба Градец цената е 10 евра покрај патот

-недвижноста која не е офатена во ГУП и тоа: на исток до Скараница, северо-западно до Превалец, лево до граница на КО Виница и десно спрема Истибања до спојот на стар и нов пат цената е од 5-8 евра по м2 во зависност од близината на градот и патот

-недвижноста јужно од патот Виница - Лески во должина од 500 м од завршетокот на градот, цената е од 5-8 евра по м2 во зависност од близината на патот

Викенд зона

Недвижноста кој се наоѓа од спојот на стар пат Блатец и пат Виница-Берово до м.в. Обозна цената е 5-8 евра по м2 во зависност од близината на градот и патот

I Прва зона..... 80 бода.

1. Илинденска од број 1 до број 51 и од број 2 до број 96
2. Димитар Герасимов Дидо
3. Кеј 30-ти Август од број 1 до број 39
4. Првомајска
5. МајкаТереза
6. КироГлигоров
7. Плачковички одред
8. Кирил и Методиј
9. Раде Кратовче
10. Пролетерска
11. Ѓорче Петров
12. Кочо Рацин
13. Бел Камен
14. Пионерска
15. Младинска
16. Тошо Арсов
17. 4-ти Јули
18. Марксова

19. Ленинова
20. Енгелсова
21. Методија Митевски Брицо
22. Димитар Влахов од број 4 до број 72
23. Борис Ќидрич
24. 11-ти Октомври
25. Наум Наумовски Борче
26. Собраниска
27. Братство Единство од број 2 до број 8
28. Ангел Винички од број 1 до број 65
29. 30-ти Септември
30. Моша Пијаде
31. Љупчо Сантов
32. Страшо Пинџур
33. Климент Охридски
34. Стив Наумов
35. Мито Хаџивасилев Јасмин
36. Даме Груев од број 1 до број 27
37. Раде Кончар од број 1 до број 30
38. Славчо Стојменски
39. Маршал Тито од број 1 до број 143
40. Браќа Миладинови
41. Питу Гули
42. 29-ти Ноември
43.Партизанска од број 1до број 38
44.Гоце Делчев од број 1до број 13
45.Марко Цепенков
46.Пере Тошев
47.Вера Ацева
48.Никола Парапунов
49.Димо Хаџи Димов
50.Лисец
51.Св. Апостол Павле
52.Мајка Тереза
53.Киро Глигоров

-подзона од 70 бода
-подзона од 65 бода
-подзона од 60 бода

градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште.....40 бода

II Втора зона .....50 бода

1. Ангел Винички од број 67 нагоре
2. Ванчо Китанов
3. Ванчо Прќе
4. Вера Циривири
5. Гоце Делчев од број 14 нагоре
6. Димитар Влахов од број 74 нагоре
7. Димитар Осоговски
8. Илинденска од број 53 до крајот на непарните броеви
9. Капетан Кирчо Димитриов
10. Кеј 30-ти Август од број 41 нагоре
11. Партизанска од број 40 нагоре
12. Раде Кончар од број 31нагоре
13. Крушевска република
14. Христо Узунов
15. Григор Прличев
16. Тодор Проески
17. ДамеГруев од број 29 нагоре
18.Блаже Конески
19.Михаило Пупин
20.Брегалничка
21.Петар Поп Арсов
22.Никола Тесла
23.Теодосиј Гологанов
24.Војдан Чернодрински
25.Филип Втори
26.Орце Николов
27.Методиј Андонов
28.Павел Шатев
29.Кирил Михајловски Груица
30.Борис Трајковски
31.Крсте Петков Мисирков
32.Тоше Проески

-подзона од 45 бода

градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште.....30 бода

III Трета зона .....40 бода

1. Братство и Единство од број 10 нагоре
2. Иво Лола Рибар
3. Македонска
4. Јане Сандански
5. 4-та Македонска бригада
6. Јане Сандански
7. Пиринска
8. Видое Смилевски Бато
9. Ѓорѓи Димитров
10. Дедо Иљо Малешевски
11. Никола Јонков Вапцаров
12. Сава Ковачевиќ
13. Ѓорги Сугаре
14. Благој Јанков Мучето
15. Вера Јоциќ
16. Ваташка
17. Рајко Жинзифов
18. Елпида Караманди
19. Осојничка
20. Блатец
21. Истибања
22. Нова населба - Градец
23. Јакимово
24. Лески

-подзона од 35 бода

градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште.....15 бода

Член 2

Зоната I одговара на тринаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот (**Сл.Весник на РМ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14),** при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории

Зоната II одговара на четиринаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот (**Сл.Весник на РМ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14),** при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории

Зоната III одговара на петнаесетта зона утврдена во член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот (**Сл.Весник на РМ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14),** при пресметка на сите објекти со исклучок на помошните простории

Член 3

Во случај да купопродажната цена вредноста на имотот во договорот за купопродажба е повисока од утврдената пазарна вредност според методологијата за процена на недвижниот имот, се зема цената постигната во купопродажниот договор.

Член 4

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлука за критериуми за утврдување на зони во општина Виница за одредување на пазарна вредност на недвижниот имот број 07-998 од 11.09.2008 година, Одлука за изменување и дополнување Одлука за критериуми за утврдување на зони во општина Виница за одредување на пазарна вредност на недвижниот имот број 07-562 од 31.05.2010 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница".

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски